# З А П И С Н И К

## од 15-тата редовна седница на Советот на Општина Валандово одржана на 26.08.2022 година

Седницата се одржа во салата за седници на Советот на Општина Валандово со почеток во 12.00 часот.

Со седницата претседаваше Претседателот на Советот на Општина Валандово, Владимир Марков.

На седницата присутни беа 14 членови на Советот, Градоначалникот на Општината г-дин Перо Костадинов и претставници од општинската администрација.

Отсутен беше советникот Лазар Ангелов.

Седницата се снимаше од Радио Валандово и се пренесуваше во живо.

За работа на 15-тата редовна седница, Претседателот на Советот, го предложи следниот

### Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Предлог – Одлука за доделување на наградата „6-ти Ноември” и годишното признание на Советот на Општина Валандово по повод празникот на општината;
2. Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2022 година до 30.09.2022 година;
3. Квартален финансиски извештај за работењето на ЈП “Комунален сервис” Валандово за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година;
4. Предлог - План на програмите за развој;
5. Предлог – Одлука за одобрување на средства за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилија Јанакиеви од с.Марвинци;
6. Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализирање на активности на Општинскиот Противпожарен Сојуз Валандово;
7. Предлог - Одлука за прифаќање на донација од Општински фудбалски сојуз Валандово;
8. Предлог – Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022/2023 година во зимски услови;
9. Предлог- Елаборат за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово;
10. Предлог – Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Валандово и Општина Дојран;
11. Предлог – Одлука за одобрување на средства за финансиска поддршка на Планинарско-алпинистички клуб „ЈУГ ВАЛАНДОВО” за организирање на традиционален планинарски марш „По падините на Плавуш”.

Беше отворена расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави со предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред, истиот беше ставен на гласање и едногласно беше усвоен.

Пред да се пристапи кон работа по усвоениот дневент ред беше отворена расправа по записникот од 14-тата редовна седница на Советот.

Никој не се јави за збор, па записникот беше ставен на гласање и со 11 гласа ЗА, 0 ПРОТИВ и 3 ВОЗДРЖАНИ беше усвоен.

ТОЧКА 1

По Предлог Одлуката за доделување на наградата „6-ти Ноември" и годишното признание на Советот на Општина Валандово по повод празникот на Општината, претседателот на Комисијата за спомен одбележување, давање имиња, награди и признанија Валантина Јанева поднесе извештај од одржаната седница на комисијата на која беше утврдено на Советот да му се дадат следните предлози за доделување на наградата и признанија:

6-то Ноемвриска награда во форма на плакета на:
Д-р Благој Шунтов за постигнати резултати во областа на медицината,

6-то Ноемвриско признание во форма на диплома на:
1. Здружение,,Исчекор,,Валандово-за придонес и зајакнување на правата на лицата со попреченост;
2. Пепита Бојкова-за постигнати резултати во областа на музиката ;
3 Лилјана Парнаркова –за постигнати резултати во областа на музиката;
4. Катерина Јовановиќ-за постигнати резултати во обалста на филмот и драмската уметност;
5. Марио Томов-за апликацијата „Селектирај отпад";
6.Ташко Павлов-за постигнати резилтати во областа на технологијата;
7. „Кувет" бренд на "Тера Мегдан" Валандово за промоција на општината низ државата .

За збор се јави Аспарух Москов и даде предлог до Советот 6-то Ноемвриско признание во форма на диплома да се даде на:
ЖФК „Победа 16" Валандово за промовирање на општината во областа на спортот.
Предлогот беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА.

Немаше други предлози, па се пристапи кон гласање на веќе дадените предлози.
Предлогот за доделување на 6-то Ноемвриска награда во форма на плакета на Д-р Благој Шунтов беше ставен на гласање и изгласан едногласно со 14 гласа ЗА.
Предлозите за доделување на 6-то Ноемвриско признание во форма на диплома беа ставени на гласање и едногласани едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 2
По Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период (кумулативно) за квартал 01.01.2022 година до 30.09.2022 година, образложение даде Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.
Беше отворена расправа.
За збор се јави Тоше Тодоров. Забележа дека на расходната страна, во делот за субвенции и трансфери кон медиуми, здруженија на граѓани и спотрски клубови стои исплаќање на надомест за првачиња. Постави прашање колку првачиња се опфатени со оваа мерка и колку средства се издвоени по овој основ.
Марија Чурлинова Јорданова одговори дека со мерката се опфатени 89 правачиња кои добија по 4000 денари. Се работи за вкупна сума од 89 х 4.444 денари со персонален данок, за првачиња од учебната 2021/22 година. Информираше дека веќе се исплатени и средствата за првачињата запишани во учебната 2022/23 година.
Немаше други пријавено за дискусија па Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Валандово за извештајниот период

(кумулативно) за квартал 01.01.2022 година до 30.09.2022 година беше ставен на гласање и изгласан со 9 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ.

ТОЧКА 3

По Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година, образложение даде директорот на ЈП Комунален сервис Валандово, Емилија Заева Костова.

Беше отворена расправа

За збор се јави Јулија Тушевска.Таа забележа дека загубата од 167.000 денари на ЈП Комунален сервис Валандово во 2017 година од правземањето на функцијата, сега истата изнесува 1.458.462.00 денари. Праша колку е долгот за струја, зошто има само расходи за апликацијата „Селектирај отпад", а нема приходи од неа, бидејќи се собира ѓубре и истото се предава, а нема прикажани приходи од него. Зошто 10 луѓе од ЈП Комунален сервис си отидоа од работа?

Директорката Емилија Заева Костова даде одговор на прашањата. Одговори дека контото за струја не е толку многу зголемено, туку има само уште една сметка за струја. Во расходите на фирмата има надомест за плаќање на апликацијата „Селектирај отпад", а приходи по тој основ нема поради тоа што носителот на апликацијата, отпадот сам си го превзема. Засега нема доволно селектиран отпад за да се продава и да се остварува профит .Ќе остане за во некои идни времиња. Информираше и за тоа дека ќе треба да се направат измени во статутот, за да може ЈП да продава отпад, но подоцна ќе се направи и ќе дојде до тоа. За вработените кои го напуштија ЈП рече дека не се 10 туку 6. 3 од администрација и 3 од јавна хигиена. Рече дека тоа може да се провери во секој момент за да не се излегува со непроверени информации во јавноста.

Јулија Тушевска уште еднаш праша дали знае која е причината што овие луѓе си заминале во нејзиниот мандат.

Директорката Емилија Заева Костова даде одговор дека ова е слободно време на слободни умови и секој млад човек кој што не се пронаоѓа во претпријатието, може слободно да си бара друго работно место каде што може професионално да биде исполнет. Рече дека таа со сите вработени кои заминаа има коректни односи и со никој се нема замерено.

Аспарух Москов се јави за збор. Праша дали во сите населени места се наплаќа за ѓубретарина и за јавна чистота.

Директорката Емилија Заева Костова даде одговор дека во населените места каде што ЈП стопанистувува се наплаќа ѓубретарина и јавна чистота.

Аспарух Москов повторно се јави. Рече дека има сознание дека во некои населени места се поставени корпи за отпад, а таму не се наплатува.

Градоначалникот се јави за збор. Рече дека советничката група на ВМРО ДПМНЕ се однесува многу некоректно, посебно кон Извештајот на ЈП Комунален сервис во делот на расходите, а многу добро во самиот извештај е забележано поради што се јавува зголемувањето. Рече дека не треба да се заборави дека услугите кои ги дава ЈП Комунален сервис се едни од најниските, а и покрај тоа се успеа да се направи претпријатието солвентно да работи. Додаде дека ЈП се најпогодени од енергетската криза и на секоја седница се дискутира за истото, а и Владата донесе антикризни мерки за нивна помош. Рече дека на ваквата состојба имаше влијание и зголемувањето на минималната плата. Истакна дека оваа негатива може многу брзо да се претвори во позитива со корекција на цените и наплаќање на услугите секаде каде се извршуваат, а не се наплаќаат. Додаде дека Советот на општината е основач на ЈП и нема да се дозволи тоа да тоне во загуби. Информираше дека општината имаше добиено донација од канти за отпад и дека истите се поставени во населените места каде што ги немаше, дека општината имаше одредени издатоци, но дека наскоро ќе се остваруваат приходи, по донесувањето на потребните одлуки. Забележа дека на секој начин се сака да

се прикаже негативна слика за ЈП, а сите заедно треба да имаме иста цел, ЈП да функционира беспрекорно на територијата на целата општина.

Аспарух Москов се јави за реплика на градоначалникот. Рече дека не еден, не два, не три месеци се поминати откако се поставени корпите за отпад, а не се наплаќа надоместок. Праша кога ќе се започне со наплата.

Градоначалникот одговори дека советникот греши ако мисли дека со наплатата за јавна чистота ќе се подобри и рентабилноста на ЈП. ЈП сака да ги смени навиките на граѓаните, а ќе ги вклучи сите населени места, опфаќајќи ги и тие од турската националност кои немаа инфраструктура. Рече дека ЈП Комунален сервис ќе биде позитивен пример за воведување на здрави навики, а најголемиот приход му е од водоснабдувањето.

Немаше други пријавено за дискусија, па Кварталниот финансиски извештај за работењето на ЈП "Комунален сервис" Валандово за период од 01.01.2022 година до 30.09.2022 година беше ставен на гласање и изгласан со 8 гласа ЗА, 5 ПРОТИВ и 0 ВОЗДРЖАНИ. Валентина Јанева како вработена во ЈП Комунален сервис се воздржа од гласањето.

ТОЧКА 4

По Предлог –Планот на програмите за развој , образложение даде Раководителот на Одделението за финансиски прашања, Марија Чурлинова Јорданова.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и Предлог Планот беше ставен на гласање и изгласан едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 5

Предлог – Одлука за одобрување на средства за санирање на штета на индивидуална семејна куќа сопственост на фамилија Јанакиеви од с.Марвинци.

Никој не се јави за дискусија па предложената Одлука беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 6

Предлог – Одлука за одобрување на средства за реализирање на активности на Општинскиот Противпожарен Сојуз Валандово.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 7

Предлог - Одлука за прифаќање на донација од Општински фудбалски сојуз Валандово.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор и истата беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 8

По предложената Програма за одржување на локалните патишта и улици во Општина Валандово во 2022/2023 година во зимски услови, образложение даде претседателот на Советот Владимир Марков.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па Предлог Програмата беше ставена на гласање и изгласана едногласно со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 9

По Предлог- Елаборатот за проценета штета од елементарна непогода: луња и град која зафати дел од подрачјето на Општина Валандово, образложение даде административниот службеник вклучен во постапката за изготвување на Елаборатот, Анита Трајкова

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па предложениот Елаборат беше ставен на гласање и изгласан едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 10

По Предлог – Одлуката за прифаќање на предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Валандово и Општина Дојран, образложение даде вработениот во Општина Валандово Стефан Димитров.

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор па предложената Одлука беше ставена на гласање и изгласана едногласно, со 14 гласа ЗА.

ТОЧКА 11

Предлог Одлука за одобрување на средства за финансиска поддршка на Планинарско-алпинистички клуб „ЈУГ ВАЛАНДОВО" за организирање на традиционален планинарски марш „По падините на Плавуш".

Беше отворена расправа.

Никој не се јави за збор, па предложената Одлука беше ставена на гласање и едногласно усвоена, со 14 гласа ЗА.

Со ова беше исцрпен дневниот ред и седницата беше затворена.

Записничар<br>
С.Х.Јовановиќ

Совет на ОпштинаВаландово<br>
Претседател<br>
Владимир Марков